# FAMILY AND JUVENILE DELINQUENCY

**Ivona Shushak**
St. Clement of Ohrid University, Bitola,Faculty of Law, Kichevo, ivona.susak@uklo.edu.mk
**Elena Tilovska Kechegi**
St. Clement of Ohrid University, Bitola, Faculty of Law, Kichevo, elena.tilovska-kechegi@uklo.edu.mk

**Abstract:** The basic and most essential unit of social organization, the family, has been carefully studied by many researchers, all of whom have agreed that in it lies a tremendous force which determines the behaviour of youth.
The family is the prime determiner of social behaviour. From it emerge children who are indelibly stamped with high ideals and noble aspirations, or with low, vile, anti-social attitudes towards life.
Main factors influencing juvenile delinquency are family structure to which children are exposed to and the relationships adolescents have with parents. As with patterns of juvenile delinquency, family structure has also changed dramatically over the last century, becoming very diverse in today's society. Adolescents of all ages are living in many various types of homes, such as with single, married, or cohabiting parents. The families that children grow up in and the social environment in which they live in can have major effects on their well-being . There is a large body of research that shows children from non-intact homes show higher rates of juvenile delinquency than children from intact homes, partially due to weaker parental control and supervision in non-intact homes.
Another potential factor of youth's delinquency is family socioeconomic status. Children from disadvantaged socioeconomic backgrounds are at greater risk of a range of negative outcomes throughout their life course than their peers; however the specific mechanisms by which socioeconomic status relates to different outcomes in childhood are as yet unclear.
In this article we hope to point out a few of the most potent factors in the home which are determinants of juvenile delinquency.
*Methods*: The article will analyze data from a research of valid court cases on the area of Primary Court in Skopje. The focus will be on cases against people who did not fulfilled 18 years of age in the time of committing the crime (juveniles), in the period of 2005 – 2016.
**Keywords** : family environment, juvenile delinquency, dysfunction, causes, risk factors.

# СЕМЕЈСТВОТО И ДЕЛИКВЕНЦИЈАТА КАЈ ДЕЦАТА

**Ивона Шушак**
Правен факултет, Универзитет ''Св.Климент Охридски'', Битола, Република Македонија
ivona.susak@uklo.edu.mk
**Елена Тиловска-Кечеџи**
Правен факултет, Универзитет ''Св.Климент Охридски'', Битола, Република Македонија
elena.tilovska-kechegi@uklo.edu.mk

**Апстракт:** Основната и најважната единица на општествената организација, семејството, внимателно е проучувана од многумина истражувачи, и секој од нив се согласува дека во него лежи огромна сила која го одредува однесувањето на младите.
Семејството е главната одредница за социјално однесување. Тоа произведува деца кои се неизбришливо запечатени со високи идеали и благородни аспирации, или пак деца со ниски, гнили, антисоцијални ставови кон животот.
Главни фактори кои влијаат на деликвенцијата кај децата се семејната структура, како и видот и квалитетот на врската која децата ја имаат со родителите. Во тој контекст, како што се менува структурата на деликвенцијата кај децата, евидентно и семејната структура драматично се променила во текот на минатиот век, станувајќи многу разновидна во денешното општество. Деца од сите возрасти живеат во многу различни видови домови (со еден родител, со родители кои се во брачна или вонбрачна заедница), но за сите е неспорно дека семејствата во кои децата растат и социјалната средина во која живеат можат да имаат големи ефекти врз нивната благосостојба. Постојат многубројни истражувања кои покажува дека децата од некомплетни и нефункционални домови покажуваат повисоки стапки на деликвенција отколку децата од

функционални и комплетни домови, делумно поради послабата родителска контрола и надзор во нефункционалните.
Друг потенцијален фактор на деликвенција кај децата е и социо-економскиот статус на семејството. Децата од непривилегираните социоекономски средини се изложени на поголем ризик од низа негативни резултати во текот на нивниот животен век за разлика од нивните врсници, но сепак, се уште не се познати специфичните механизми со кои социоекономскиот статус влијае врз различни резултати во детството.
Во овој труд би разработиле неколку од доминантните фактори во домот, кои го детерминираат деликвентното одесување кај децата.
*Методи*: Во трудот се анализирани податоците од истражувањето на правосилни судски случаи на подрачјето на Основниот суд во Скопје. Фокусот ќе биде ставен на случаи против лица кои не наполниле 18-годишна возраст во времето на извршување на кривичното дело (деца), за периодот од 2005 до 2016 година.
**Клучни зборови:** семејно опкружување, деликвенција, дисфункција, причини, фактори на ризик

## 1. ВОВЕД

Криминалитетот како појава е несоодветно општествено прилагодување на поединецот во тешки ситуации. Факторите кои ги сочинуваат овие тешки ситуации, заедно со менталната и физичка состојба кои влијаат врз капацитетот на поединецот да се прилагоди, претставуваат причини за истиот.

Секое кривично дело сторено од страна на дете е резултат на комплексност на вакви фактори. Некои од нив своите корени ги влечат години пред самиот криминален настан, а други се многу очигледно временски поврзани со чинот на деликвенција. Докажано е дека различен сет од причини е клучен во секој поединечен случај.[297] Невозможно е затоа, да се прецизираат група на причини кои што секогаш, во секој поединичен случај, ќе резултираат со криминален настан .

Факторите[298] кои придонесуваат однесувањето на детето да го одведат во еден правец наместо на друг можат да бидат многу нејасни, и многу од нив сеуште се надвор од делокругот на детекција од страна на експерти: социолози, психолози, криминолози и други. Често се чини дека сосема различни дела се резултат на иста група на причини, но понатамошна анализа покажува дека сепак дополнителни фактори во секој случај го детерминираат типот на деликвенција. На пример, сиромаштијата, дисфункционалниот дом и нередовните приходи кај едно дете може да доведат тоа да бега од училиште со цел да заработи повеќе пари, кај друго да краде, кај трето со приклучување кон улична банда и коцкање. Поинтензивна анализа во секој случај ќе ги изнесе на виделина специфичните фактори кои се одговорни за овие разлики.

## 2. РИЗИК ФАКТОРИ ВО СЕМЕЈНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ

Една од околностите која никој не ја спори е секако дека семејството ја претставува најзначајната средина што го овозможува правилниот психофизички развој на личноста. Почнувајќи од најраното детство, ова е средината во која се одвива животот на една единка, се обликуваат темелните вредности на личноста и се остварува процесот на нејзиниот развој и социјализација.[299] Семејството е место на првите општествени допири, извор на првиот поим за светот, околината, животот и работата. Семејството е првото училиште за морално, интелектуално, физичко и естетско воспитување, што во голема мерка го одредува интелектуалното и општествено-моралното однесување на младите. Накратко, семејството му ги дава основните насоки на личноста кои стануваат негови трајни вредности.

Се разбира, имајќи ја во предвид деликатната воспитна и социјална функција на семејството во правилното формирање на членовите на општеството, јасно е дека таа задача можат успешно да ја извршат само складни и функционално адекватни семејства, со пријатен семеен амбиент во кој не се присутни

[297] Светските криминолошки формули, кои се обидуваа малолетничкиот криминалитет збиено да го сведат на една причина, се покажаа многу неиздиференцирани, секојдневно-теоретски, а со тоа и неупотребливи. (Кајзер,Г. *Криминологија - вовед во основите,* Александрија, Скопје, 1996, стр.284)
[298] На поимот "криминоген фактор" му се даваат многу различни значења, кои треба да водат кон истата цел-објаснување на етиологијата на малолетничката деликвенција. (Милутиновић,М., *Криминологија са основима криминалне политике и пенологије*, Београд 1976, стр.213)
[299] Singer,M., *Kriminologija-drugo izdanje,* Nakladni zavod Globus, Zagreb, 1996, стр.222

негативни појави и девијации.[300]Спротивно на тоа, семејствата во кои доаѓаат до израз различни елементи или облици на структурна разореност или функционална дезорганизација постануваат центар на девијантен притисок, кој се манифестира и преку криминалното однесување на младите членови.[301] Како што Х. Вон Хентиг наведува "Често семејството не е пристаниште на кое се одмараат духот и телото, туку легло на немирот во кое цветаат конфликти и емоционални напнатости ".[302]

Во современото општество се е поголем бројот на семејства кои се деградирани или дефициентни, па во нив односите не се одвиваат складно и хармонично.[303]

Деградирано семејство е она во кое не постои љубов, доверба, разбирање и почитување, туку се афирмираат спротивни принципи, тоа семејство не е во состојба да ја оствари својата основна функција, која се состои во изградба и правилен развој на поединецот кој флексибилно ќе се однесува кон надворешниот свет. Такви се оние семејства во кои отсуствува позитивен пример на родителите и каде владеат често тешки материјални услови, алкохолизам, проституција, кавги и несогласувања, авантуризам и слични негативни однесувања.[304]

Stouthamer и Loeber развиле 4 модели на "ризични семејства" кои се карактеризираат со следното:
*Занемарувачки семејства* – Во нив родителите му посветуваат малку време на своите деца и ретко ги надгледуваат. Не проверуваат каде и со кој нивните деца го поминуваат времето, ниту што прават.
*Конфликтни семејства*- Постојат постојани кавги и несогласувања помеѓу родителите, и родителите и децата, често пропратени со насилничко однесување. Методите за дисциплинирање на децата се неделотворни. Децата учат дека несогласувањата можат да се разрешат единствено со насилство, често се чувствуваат отфрлени од родителите и се повлекуваат од нив.
*Девијантни семејства*- Толерираат дури и го поттикнуваат деликвентното однесување. Во такви семејства и самите родители се најчесто агресивни и склони кон деликвентно однесување, а детето е под висок ризик да развие тешки форми на такво однесување вклучувајќи и насилни деликти.
*Хаотични семејства*- Во овие семејства не се знаат граници, ниту кој за што е одговорен. Чувството на припадност е помалку развиено, а близината помеѓу членовите е мала. Дури и многу значајни и тешки одлуки се донесуваат брзоплето и во кратко време. Родителите често не водат сметка за потребите на децата. Таквите семејства имаат низок социо-економски статус, а членовите имаат многукратни потешкотии во социјалното и емоционалното функционирање.[305]

Како што може да се заклучи, индикаторите на семејната атмосфера покажуваат степен на поврзаност со однесувањето на децата.[306] Семејните односи и атмосфера се огледуваат низ односот помеѓу брачните другари, родителите и децата, децата кои живеат во семејството, остварувањето на воспитното влијание и методот на воспитување. Најсилно криминогено влијание имаат лошите односи помеѓу родителите, и лошиот и педагошки неоправдан однос на родителите спрема децата. Истражувањата покажуваат дека занемарувачкиот родителски стил (ниско ниво на дисциплина, надзор, емоционалност и поврзаност) е значаен предиктор на сите облици на деликвентно однесување кај младите, што би се рекло

---

300 Млађеновић-Крупић, Р.: *Криминологија*, Универзитет у Сарајеву, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2001, стр. 177-178.
301 Јашовић, Ж., *Криминологија малолетничке делинквенције*, Београд, 1991, стр.237
302Шкулић, М., *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела*, Досије, Београд, 2003, стр.22
303 Хрнчић,Ј., Делинквент или пацијент-студија породичног неуспеха, Задужбина „Андрејевић“, Београд, 1999, стр.
304 За такви семејства, во кои родителите практично ги стимулираат децата да вршат кривични дела и да превземаат други противправни активности, се употребува терминот “криминогено семејно огниште”. (Мирић, Ф.,*Савремена схватања феноменологије и етиологије малолетничке делинквенције-докторска дисертација*, Универзитет у Нишу-Правни факултет, Ниш, 2014, стр.199)
305 Ricijaš, N., (2009), *Pripisivanje uzročnosti vlastitog delinkventnog ponašanja mladih-doktorska disertacija,* Sveučilište u Zagrebu- Pravni fakultet, Zagreb, 2009, стр. 49
306 Во семејставата каде што владеат конфликти, каде односите се пореметени, што е најтежок вид на семејна дисфункција, децата често манифестираат антисоцијални реакции. Нивното асоцијално и антисоцијално однесување е врзано со драми, семејни кризи и проблемите на нивните родители, па од таква атмосфера се и нагоните за вршење кривични дела, како единствен излез од нив.

семејства во кои отсуствува јасна структура и кои немаат дефинирани заеднички правила.[307] Овој фактор, спрема некои истражувачи, дури подобро го предвидува идното деликвентно однесување отколку агресивното однесување во рана адолесценција.[308]

Со оглед дека семејството претставува основна структура во која се врши воспитувањето и социјализацијата на личноста, секое отсуство на еден од неговите членови – дефициентно семејство претставува голем хендикеп што има значајно влијание врз наведените процеси. Семејството каде што неговите членови се одвоени и децата оставени без соодветна грижа и надзор од возрасните, извонредно лошо се одразува на неговото функционирање. [309]Поточно, непотполноста на семејството еднакво како и кај деградираното и разореното семејство, доведува до опасност од прифаќање на обрасци на социопатолошко и криминално поведение.[310] Но во овој контекст мора да се нагласи и дека во поимот непотполно или дефициентно семејство се сместуваат по својата состојба разни ситуации, а тука често не се води сметка дали непотполноста на семејството настапила поради злонамерно напуштање на семејството од страна на едниот родител, развод, смрт на еден од родителите, објективно условено отсуство на еден од родителите, вонбрачно раѓање, а ниту за тоа каква семејна атмосфера му претходела на тоа случување, дали загубата на член од семејството е компензирана, што таквата загуба значела за детето и во која фаза на неговиот развој истата се случила.[311] Основано е, оттука, да се истакне дека дури со земање во предвид на сите овие околности и нивната поврзаност со другите чинители кои ја карактеризираат личноста на членовите на семејството, може да се оценува криминогеното влијание кое го има непотполното семејство.[312]

Нарушување на семејните односи може да настане и поради социо-економските карактеристики на семејството. Поволните материјални услови ја олеснуваат воспитната улога на семејството, додека пак семејствата кои се затекнати во тешки материјални услови, не се во состојба доволно внимание и грижа да му посветат на своите деца. Во некои случаи сиромаштијата и отсуството на елементарни материјални услови може да бидат пресуден фактор на деликвенција, но тоа не е секогаш случај. Стабилно и морално цврсто семејство, во кое меѓусебните односи се хармонични, понекогаш успева да го избалансира притисокот на сиромаштијата, останувајќи достоинствено во неа. Па оттука, и материјалното богатство на семејството не е сигурна гаранција дека во однесувањето на нејзините членови нема да дојде до девијации.[313]

---

[307] Од сите анализирани карактеристики на семејството и семејните прилики, најголема поврзаност со деликвентно однесување како во време на детството, така и во подоцнежните периоди од животот има композитната варијабла **грижа за детето**. Потоа според нивото на поврзаност доаѓа потполноста на семејството во раниот развој на детето, зад кој веднаш следат социјално патолошките појави во семејството, потполноста во семејството во подоцнежниот развој на детето и семејната атмосфера во раниот период на развојот. (Bajer,M., Kljajić,S., *Kasniji životni put delinkventne djece*, Radna zajednica Republicke konferencije Saveza socijalisticke omladine Hrvatske, Zagreb, 1990, стр.146)

[308] Ricijaš, N., (2009), *Pripisivanje uzročnosti vlastitog delinkventnog ponašanja mladih-doktorska disertacija*, Sveučilište u Zagrebu- Pravni fakultet, Zagreb, 2009, стр. 48

[309] Широко распространет е ставот дека веројатноста од криминално однесување е поголема кај деца чии семејства се непотполни поради смртта на еден или двајцата родители, развод, напуштање, или одвојување на родителите, отколку кај деца кои живеат во потполни семејства. Без разлика дали ова произлегува од сфаќањето за семејството како примарна социјална институција чии што расцеп мора да биде важен, или од евидентно високото учество на непотполни семејства кај деликвентните деца како што е заведено во нивните досиеја, нотирано е верувањето дека непотполните семејства се еден од најважните фактори за деликвенција. (Shaw, C., McKay, H., *Are Broken Homes a Causative Factor in Juvenile Delinquency*?, Social Forces, Vol. 10, No. 4 (May, 1932), стр. 514)

[310] Сулејманов, З., Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, 2000, стр.658-659

[311] Изненадна смрт на еден од родителите за кој детето било емотивно врзано може да предизвика стрес, а развод и одвојување на родителот може во одредени околности да значи растеретување или олеснување.

[312] Singer,M.,*Kriminologija-drugo izdanje* , Nakladni zavod Globus, Zagreb, 1996, стр.228

[313] Вработувањето на родителите има економска значајност за семејството и нејзиното функционирање. Невработеноста на двајцата родители негативно се одразува на стандардот, особено на семејствата во градовите и тоа предизвикува низа негативни последици, па се доведува во конекција со деликвенцијата кај младите. Но, и вработените родители, жртви на модерниот општествено економски развој, предузвикуваат

### 3. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Од вкупно1577 анализирани кривични пресуди изречени на подрачјето на Основниот суд Скопје I - Скопје за периодот од 2005-2016 година, се дојде до соодветни резултати кои во голема мера соодветствуваат на погоре изнесените теоретски поставки, и се суштински поврзани едни со други.

Имено, голем дел од децата сторители на кривични дела:

1. **Потекнуваат од некомплетни и дисфункционални семејства** (36.6 % или вкупно 576 деца), и
2. **Потекнуваат од семејства кои се наоѓаат во тешка социо-економска состојба** (65.8 % или вкупно 1034 деца).

Меѓутоа во текот на истражувањето се утврдија и уште неколку карактеристики кои исто така се во непосредна врска со улогата на семејството, меѓу кои би ги спомenale следните:

- Децата сторители на кривични дела генерално **потекнуваат од многудетни семејства** (57.3 % или 904 деца потекнуваат од семејство кое брои над 4 членови),

Семејствата со многу деца претставуваат значаен проблем од аспект на исполнувањето на нивната функција. Најчесто станува збор за сиромашни семејства кои не можат да ги исполнат неопходните економски и социјални функции за неговите членови да може нормално да се развиваат. Таквите семејства не се во состојба на своите членови да им обезбедат соодветно образование, здравствена заштита, и задоволување на бројни други сложени потреби, па затоа можеби не изненадува фактот што децата од овие семејства имаат негативен однос спрема општествените вредности и прописите со кои тие вредности се штитат. Ова се покажува за точно и во нашето истражување, земајќи го во предвид фактот дека 75 % од децата кои доаѓаат од вакви семејства се наоѓаат во социо-економска состојба која не може да се означи како добра.

- Децата сторители на кривични дела генерално **делото го сторуваат во група** ( 81.5 % или вкупно 1294 деца).

Таквото вршење на кривичните дела тесно е поврзано и може во голем дел да биде сфатено како резултат на биопсихолошките и социјалните особености на децата. Децата настојуваат да живеат во група бидејќи во неа се чувствуваат посигурни, но преку неа и се реализираат, се потврдуваат, го задоволуваат чувството на припадност.[314] Оттука незадоволувањето на таквата потреба во рамките на семејството, предизвикува чувство на отфрленост, осаменост, фрустрираност кај детето, што условува понатаму деликвентно и деструктивно однесување и тоа токму во рамките на новата група која ќе го замени социјализаторското влијание на семејството, а тоа е врсничката група (peer group). Во нашето истражување 81.25 % од децата кои доаѓаат од нефункционални семејства делото го сторуваат во група од 2 или повеќе лица.

- За стореното кривично дело, на децата генерално им била изречена **санкција-воспитна мерка -засилен надзор од родител или старател** ( 41.7 % или вкупно 658 деца)

Од добиените резултати се укажува на либерална, но и во случајов несоодветна казнена политика при решавањето на анализираните дела, бидејќи судот воопшто не водел грижа за семејната средина во која детето живее во моментот кога донесувал одлука. Во овој контекст е и фактот дека во 26 % од случаите, на дете кое потекнува од дисфункционално семејство, му се изрекува гореспоменатата мерка која по дефиниција подразбира дека родителот треба да превземе должности на воспитување на детето, негово лекување и отстранување на штетните влијанија врз него, а кај дисфункционалните семејства таквата ситуација од старт се доведува во прашање. Па тргнувајќи од сето тоа не треба да изненадува податокот што во голем дел од анализираните случаи децата се јавуваат како **рецидивисти.** (49.2 % или вкупно 774 деца).

---

неповолни последици по своите деца. Децата од такви семејства, често во времето додека нивните родители се на работа, се препуштени сами на себе или во најдобар случај, на постарите членови на семејството, кои не се адекватна замена за родителите. (Авдић, С., Породица као фактор малолетничке делинквенције, Савремене тенденције у развоју правног система Р.Србије, бр.LX, Правни факултет-Ниш, 2012)

[314] Арнаудовски, Љ., *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, 2007, стр.467

## 4. ЗАКЛУЧОК

Од се погоре изнесено, може да се заклучи дека, сеуште, семејството се вбројува помеѓу клучните институции задолжени за правилна социјализација на децата. Тоа е по правило најважното во процесот на правилно воспитување и животно насочување на детето. Меѓутоа, со тек на време значајни промени ја нарушуваат функционалноста на семејството. Голем е бројот на некомплетни, но и деградирани семејства во кои семејните односи не се одвиваат складно и хармонично. Ваквите промени, негативно се одразуваат на правилната социјализација на децата, па со право се истакнува дека не може да се замисли објаснување на деликвентното однесување на младите без согледување на влијанијата на кои биле изложени во своето семејство.

Од спроведеното истражување се покажа дека функционалноста, како и социоекономскиот статус на семејството, се покажуваат како значајни предиктори на неадекватно однесување кај децата, а тоа ниту било ниту смее да биде единствено семеен проблем. Ако се знае дека материјално обезбедена, здрава и хармонична семејна средина претставува најдобра гаранција за успешно воспитување и општествено насочување на младите, општествената заедница треба да превземе смислени и квалитетни напори во правец на оспособување на семејството за вршење на нејзината функција.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Bajer,M., Kljajić,S., *Kasniji životni put delinkventne djece*, Radna zajednica Republicke konferencije Saveza socijalisticke omladine Hrvatske, Zagreb, 1990
[2] Bridges, B, *Factors Contributing to Juvenile Delinquency*, Journal of Criminal Law and Delinquency, Volume 17 Issue 4, 1927
[3] Ricijaš, N., (2009), *Pripisivanje uzročnosti vlastitog delinkventnog ponašanja mladih-doktorska disertacija*, Sveučilište u Zagrebu- Pravni fakultet, Zagreb, 2009
[4] Shaw, C., McKay, H., Are Broken Homes a Causative Factor in Juvenile Delinquency?, Social Forces, Vol. 10, No. 4, May, 1932
[5] Singer,M.,*Kriminologija-drugo izdanje* , Nakladni zavod Globus, Zagreb, 1996
[6] Арнаудовски, Љ., *Криминологија*, 2-ри Август С- Штип, Скопје, 2007
[7] Јашовић, Ж., *Криминологија малолетничке делинквенције*, Београд, 1991
[8] Кајзер,Г. *Криминологија-вовед во основите*,Александрија, Скопје, 1996
[9] Милутиновић,М., *Криминологија са основима криминалне политике и пенологије*, Београд 1976
[10] Мирић, Ф.,*Савремена схватања феноменологије и етиологије малолетничке делинквенције-докторска дисертација*, Универзитет у Нишу-Правни факултет, Ниш, 2014
[11] Млађеновић-Крупић, Р.: *Криминологија*, Универзитет у Сарајеву, Факултет криминалистичких наука, Сарајево, 2001
[12] Сулејманов, З., Македонска криминологија, Графохартија, Скопје, 2000
[13] Хрнчић,Ј., Делинквент или пацијент-студија породичног неуспеха, Задужбина „Андрејевић", Београд, 1999
[14] Шкулић, М., *Малолетници као учиниоци и жртве кривичних дела*, Досије, Београд, 2003